**Известување за концентрација со која Бетсон Малта Холдинг Лимитед, Малта ќе стекне контрола над Рајно Волт Холдингс Лимитед, Малта (предмет бр. 08-86/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 18.05.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која **Бетсон Малта Холдинг Лимитед (Betsson Malta Holding Limited)**, со регистрирано седиште на 199 Експириенс Центар, Та’Шбиеш Сифронт Та’Шбиеш, ШБШ 1027 Малта ќе стекне самостојна контрола над друштвото **Рајно Волт Холдингс Лимитед (Rhino Vault Holdings Limited)**, со регистрирано седиште на Спинола Парк, ниво 4 југ, Трик Микиеланг Борг, Сан Гилјан, СПК 1000, Малта.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Бетсон Малта Холдинг Лимитед** е друштво основано во Малта чие основно деловно работење се состои во обезбедување услуги за онлајн игри и обложување, вклучително казино, покер, спортско обложување, бинго и инстант игри (scratch cards). Бетсон е дел од Бетсон Групата која работи преку повеќе брендови на регулирани пазари и претставува препознатливо име во онлајн игрите. Производите на Бетсон Групацта опфаќаат Казино (Casino), Спортсбук (Sportsbook) како и други игри, кои се обезбедуваат преку лиценцирано работење.

Бетсон нема регистрирано зависни друштва во Северна Македонија и не врши било какви деловни активности на македонскиот пазар.

**Рајно Волт Холдингс Лимитед** е друштво од Малта, дел од Рајно Ентертејнмент групација на друштва (Rhino Entertainment Group; “Рајно Ентертејнмент групација”). Рајно Волт директно или индиректно преку зависни друштва, заедно со други субјекти во рамките на Рајно Ентертејнмент групација врши деловни активности за business-to-consumer („B2C”) онлајн игри во Канада (вклучувајќи го Онтарио и остатокот од Канада), кои се вршат врз основа на релевантните лиценци за игри, технолошките компоненти на таквото деловно работење и интелектуалната сопственост поврзана со истото. Покрај B2C работењето, Рајно Волт поседува и сопствена технологија за front-end и middleware за B2B операции.

Рајно Волт има едно целосно зависно друштво во Северна Македонија, Новоснованото македонско друштво – НЕХА ПЛАЈ ЛИМИТЕД ДООЕЛ Битола, со регистрирано седиште на улица Митрополска бр. 13, Битола, Битола Северна Македонија и приоритетна дејност 82.100 – Канцелариско административни и помошни дејности. Поконкретно, деловната активност на Новоснованото македонско друштво се состои во обезбедување технолошки услуги, и тоа одржување и сервисирање на сопствениот софтвер што “поврзува” различни системи (middleware) и front-end технологија за потребите на Бетсон групацијата.

За целите на оценка на концентрацијата подносителот на известувањето предлага како релевантниот пазар на производи да се дефинира како ***пазар за игри на среќа и обложување,*** а географскиот пазар да се дефинира како ***територијата на Република Северна Македонија***.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

21.05.2026 година
Скопје